

Шпаркасе Банка
# ВРАБОТУВА

# СОРАБОТНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КАПИТАЛОТ И СТРЕС ТЕСТИРАЊЕ

**ЛОКАЦИЈА**
СКОПЈЕ, Дирекција за Стратешко управување со ризиците/
Служба за Сеопфатно управување со ризиците

---

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse** | **повеќе од 200.000 клиенти во земјата** | **36 експозитури** | **посветеност, кредибилитет и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

Развој на процедури и процеси потребни за имплементација на методологија за пресметка на ризично пондерирана актива за кредитниот ризик (Credit Risk RWA) за потребите на регулаторното известување во согласност со бизнис моделот на Банката и интерно и екстерно известување;

Организирање на адекватен процес на интерна проценка на потребите од капитал (ICAAP) и адекватна алокација на капиталот преку дефинирање на методологија, политики и информационен систем;

Подготовка на стрес-тестови за потребите на регулаторот и за Групацијата како и развој на соодветни методологии и алатки за пресметка;

Идентификација и контрола на материјалните ризици на Банката преку Risk Materiality Assessment за потребите на ICAAP (ПИК) и следење на ризикот од концентрација;

Подготовка на редовни извештаи за надлежните органи на Банката и Групацијата и одржување на контакти со екстерни и интерни ревизори;

Известување и мониторинг за документот за прфатливо ниво на ризик;

Креирање и одржување на Планот за опоравување на Банката (Recovery Plan) и Планот за решавање на банката (Resolution Plan).

---

## Кои квалификации се потребни

ВСС – Економски или Природно - математички факултет

Познавање на НБРСМ регулативата и поседување на стручно знаење во делот на управувањето со ризиците. Познавање на Базелските стандарди, ICAAP (процес на утврдување на интерен капитал) и други прописи. Познавање на најдобрите практики во областа на кредитниот, валутниот, каматниот и ликвидносниот ризик.

Активно познавање на работа со компјутер (MS Office package, Internet & Email, предност POWER BI)

Активно познавање на англиски јазик

Способност за управување со проекти

Организациски и комуникациски способности, одговорност, проактивност, ориентираност кон целите, размислување надвор од поставените граници.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Обезбедена обука за работа

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **05.04.2024** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КАПИТАЛОТ И СТРЕС ТЕСТИРАЊЕ“**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА!** #верувајвоиднината

SPARKASSE Bank